**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

**јануари – декември 2013**

Скопје, 2013 година

**СОДРЖИНА**

**ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ**


**I. КОМПОНЕНТА:** МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ ……………… **5**

**II. КОМПОНЕНТА:** ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ…………………………………………………………………….... **9**

**III. КОМПОНЕНТА:** ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ ........................................................................................ **13**

**IV. КОМПОНЕНТА:** ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА .. **15**

**V. КОМПОНЕНТА:** ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........................................................................................................... **19**

## ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ

### I. ПРОГРАМСКА КОМПОНЕНТА: МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ

ЕСЕ во рамки на своите стратешки приоритети и насоки, и оваа година ќе продолжи да ги спроведува започнатите активности за интегрирање и примена на мониторингот и анализата на буџети, како основен и значаен пристап за обезбедување на солидна база на податоци за застапување и унапредување на состојбите на полето на здравствените права и останати права на човекот.
Во изминатите години ЕСЕ го интегрираше овој концепт на повеќе полиња, како што се на полето на здравјето на Ромите, женското здравје и правото на живот без насилство (семејно насилство). Покрај активности за интегрирање и примена на концептот за мониторинг и анализа на буџети на национално и локално ниво, во истиот период воведовме и нов пристап кој ќе даде дополнителна вредност во спроведувањето на оваа компонента, односно започнавме со користење на концептот за мониторинг на заедницата.
Во изминатиот период спроведовме мониторинг на програмската и буџетската имплементација на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Врз основа на наодите од овие анализи презедовме активности со цел зголемување на опфатот на децата Роми со вакцинација  и унапредување на пристапот на жените до бесплатните мерки за рано откривање и лекување на карциномот на грло на матка и карциномот на дојка.
Во 2013 година, и понатаму ќе продолжиме со интегрирање и примена на концептите за мониторинг и анализа на буџети и мониторинг на заедницата на национално и локално ниво во насока на унапредување на здравјето на Ромите; мониторинг и анализа на буџети во насока на унапредување на здравјето на жените и остварување на правото на живот без насилство (семејно насилство); унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции со посебен фокус на здравствените институции и промоција и јакнење на граѓанските капацитети за учество во буџетските процеси на национално и локално ниво.
Во рамките на оваа програмска компонента во периодот јануари – декември 2013 година ќе се спроведат следните активности:

#### 1. Активности за мониторинг на здравствени буџети (мерки и буџети за превентивна здравствена заштита) и мониторинг на заедницата, проследени со активности за застапување

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе продолжи со досегашните активности за буџетски мониторинг и мониторинг на заедницата, и понатаму со фокус на планирањето и спроведување на две превентивни програми т.е. Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Со цел да добиеме целосна слика за начинот на кој се реализираат средствата од сите превентивни програми, во наредниот период ќе го прошириме своето поле на работење врз целиот буџет за превентивна здравствена заштита предвиден во буџетот на Министерството за здравство.

Во 2013 година, ЕСЕ и понатаму ќе продолжи со мониторинг на активностите за зголемување на опфатот на деца Роми со вакцинација на национално ниво и ќе продолжи да дава техничка помош и поддршка на партнерските ромски организации во спроведувањето на активностите за мониторинг на заедницата на локално ниво. Врз основа на наодите од мониторингот спроведен во изминатата година, ЕСЕ заедно со партнерските организации ќе подготви стратегија за застапување. Покрај тоа, ќе продолжиме со процесот на мониторинг на имплементирањето на активностите и буџетот за спроведување на активностите за рано откривање и лекување на карцином на дојка и карцином на матка, кои се дел од Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Во текот на оваа година, а врз основа на минатите и тековните наоди, ЕСЕ ќе се фокусира на креирање и спроведување на стратегија за застапување со цел зголемување на опфатот на жени со мерките од овие компоненти.
Базирајќи се на наодите и предизвиците од изминатиот период, ЕСЕ во текот на оваа година ќе го прошири подрачјето на анализа и застапување во областа на здравството; континуирано ќе работи на проширување на можностите за застапување и ќе изнаоѓа можности за јакнење на домашните механизми за транспарентност и отчетност во работењето на здравствените и со нив поврзани јавни институции.

**а) Проширување на подрачјето на анализа и застапување**

Со цел зголемување на опфатот на деца Роми со имунизација и подобрување на пристапот на жените до основните мерки за превентивна здравствена заштита, а заради низата нелогичности во начинот и обемот на спроведување на мерките и реализирање на средствата во програмите за превентивана здравствена заштита, ЕСЕ во текот на 2013 година, своите активности ќе ги насочи и кон: Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, Секторот за превентивна здравствена заштита од Министерството за здравство, Министерството за финансии, Фондот за здравствено осигурување, Државниот завод за ревизија и релевантните парламентарни комисии. Работењето на сите овие институции ќе биде опфатено со активностите за мониторинг, анализа и застапување кои ги спроведува ЕСЕ.

**б) Активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции**

Несоодветните и неквалитетни информации кои имателите на информации од јавен карактер го презентираат пред барателите и недостатокот на јавно достапни документи и информации за финансиското работење на јавните институции, претставуваат еден од главните предизвици во работењето на ЕСЕ. Овие недостатоци сериозно влијаат врз работата на граѓанските организации и ги ограничуваат при анализа на имплементацијата на јавните политики и услуги.
Преку практикување на законските можности за пристап до информации од јавен карактер и повикувањето на законските обврски на јавните институции за објавување на буџетски документи, ЕСЕ во наредниот период ќе се фокусира на зголемување на буџетската транспарентност, особено во Министерството за здравство и Министерството за финансии, во фазите на планирање и извршување на буџетите на програмите за превентивна здравствена заштита.

Дополнително, ќе преземеме активности за започнување на поблиска соработка со организации кои работат на ова поле.

**2. Активности за зголемување на опфатот на деца Роми со вакцинација преку мониторинг на заедницата и проширување на подрачјето на примена на овој концепт**

Во 2011 година ЕСЕ го воведе концептот на мониторинг на заедницата како пристап кој ќе даде дополнителна вредност на активностите и резултатите од методологијата на мониторинг и анализа на буџети. Во 2012 година, заедно со останатите партнерски организации вклучени во овој процес, започнавме процес за застапување базиран на наодите добиени од спроведените активности за мониторинг на буџетите и мониторинг на заедницата. Во исто време, присуствувавме на низа обуки за јакнење на нашите капацитети.

Во текот на 2013 година, ЕСЕ и понатаму ќе служи како техничка помош и поддршка на партнерските ромски организации во спроведувањето на активностите за мониторинг на заедницата на локално ниво, во насока на зголемување на опфатот на деца Роми со вакцинација. Во истиот период ќе започнеме со имплементација на компонентата за социјален ревизија на локално и национално ниво.

Со цел да ја зголемиме примената на оваа корисна метода, ЕСЕ ќе започне со примена на овој пристап и во однос на спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, преку продолжување на соработката со постојаните партнерски организации и инволвирање на нови граѓански организации.

**3. Подготовка на програма и материјали за обука на граѓански организации за примена на концептите за мониторинг и анализа на буџети и мониторинг на заедницата**

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со граѓанските организации со кои досега соработуваше и ќе воспостави соработка со нови организации.

Тргнувајќи од фактот дека во РМ постои недостиг на граѓански организации кои активно се вклучени во спроведување на буџетска анализа и унапредување на транспарентноста и отчетноста на државните органи, ЕСЕ планира да започне со градење на капацитетите на граѓанските организации од РМ во овие области со цел да креира граѓански сектор кој долгорочно ќе го применува овој концепт во своето работење.

Во текот на 2013 година ЕСЕ ќе спроведе постапка за селекција на граѓански организации кои работат на полето на унапредување на здравјето на Ромите, женското здравје и унапредување на транспарентноста на државните органи; утврдување на потребите на селектираните граѓански организации и креирање на програма за обука. Програмата ќе се подготвува во соработка со домашни експерти од областа на здравствената и социјалната заштита и од областа на јавните финансии. Обуката ќе започне во 2014 година и ќе претставува базична обука за користење на концептот за мониторинг и анализа на буџетите за превентивна здравствена заштита и мониторинг на заедницата во оваа насока, како и зголемување на нивната финансиска и буџетска писменост. По

завршувањето на обуките, на дел од организациите ЕСЕ ќе им пружи техничка помош во однос на имплементирање на овие концепти во нивното работење.

**4. Јакнење на кадровските капацитети**

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе продолжи со процесот на јакнење на сопствените капацитети во однос на :

- **<u>Мониторинг и анализа на буџети</u>** – во 2013 година, ЕСЕ ќе ја продолжи да соработува со досега ангажираниот консултант со цел правилно имплементирање на предвидените програмски активности и примена на нови поефективни методи за унапредување на досегашната работа во оваа област.
- **<u>Мониторинг на заедницата</u>** – во текот на 2013 година, ЕСЕ и понатаму ќе користи техничка помош од меѓународен консултант во процесот на имплементација на овој концепт. Како и ќе организира обука за примена на нови пристапи за имплементирање на овој концепт.
- **<u>Родово буџетирање –</u>** ЕСЕ во текот на 2013 година ќе воспостави соработка со меѓународен консултант кој ќе работи директно со кадарот на ЕСЕ во насока на имплементирање на овој концепт и јакнење на организациските капацитети.

**5. Соработка со медиуми**

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе спроведе процес на идентификување на новинари кои се заинтересирани или работат на полето на здравство и јавни финансии и ќе воспостави соработка со истите. На овој начин ЕСЕ ќе придонесе кон унапредување на пристапот на граѓаните до мерките за превентивна здравствена заштита и транспарентно работење на државните органи.

## **II. КОМПОНЕНТА:** ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

Во рамките на оваа програмска компонента предвидено е продолжување на работењето на центрите/советувалиште кои низа години работат на унапредување на женското здравје и заштитата од семејно насилство, односно:

*1. Здравствен информативен центар*

*2. Центар за правна помош за жени жртви на семејно насилство и*

*3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.*

### ***1. Здравствен информативен центар***

Поаѓајќи од нашата определба за унапредување на положбата на жената преку поголема информираност за здравствените проблеми и поттикнување за самостојно донесување на здрави избори, отворивме здравствен информативен центар. Преку Здравствениот информативен центар обезбедуваме достапна, квалитетна и бесплатна здравствена информација и услуга на сите девојки и жени без оглед на нивната возраст, финансиска состојба и етничка припадност. Овој центар работи од 2004 година во рамките на ЕСЕ.
Здравствениот информативен центар е отворен и за машката популација, особено за прашања поврзани за контрацепцијата и сексуално преносливите инфекции, состојбите кои се поврзани со одговорност и одлука од страна на двата партнера. Здравствениот информативен центар е место за поддршка каде што квалификуваниот и искусен персонал верува во партнерската релација помеѓу лекарот/ката и клиентката или клиентот и верува во важноста на рамнотежата помеѓу физичкото, психичкото и емоционалното здравје како елементи кои придонесуваат до потполна благосостојба на човекот.
Нашите здравствени професионалци/ки во центарот обезбедуваат совети, индивидуална и групна поддршка, кои се однесуваат на специфичните полиња од женското здравје, како што се:

- Хипертензија;
- Остеопороза ;
- Контрацепција и
- Сексуално и репродуктивно здравје.

Во рамки на центарот нудиме и бесплатни услуги, како што се:

- Брзи тестови за шеќер, триглицериди и холестерол во крвта, и
- Мерење на крвен притисок

Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Здравствениот информативен центар можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со здравствените професионалци. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.

Досега приближно 800 клиенти се обратиле во Здравствено информативниот центар, во просек на една година во овој се центар се обраќаат до 100 клиенти.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на центрите – советувалиштето, подразбираат спроведување на следните програмски активности:

### 1.1. Работа на здравствениот информативен центар

Здравствено информативниот центар во текот на целата година ќе обезбедува здравствени совети на жените од преку телефонска линија и директни средби; обезбедува информации за видот и начинот на остварување на здравствени услуги кои им се потребни на жените; обезбедува директни здравствени услуги како што се одредување на параметри во крвта: шеќер, холестерол и триглицериди и ќе врши мерење на крвен притисок.

### 1.2. Обезбедување на витамински препарати за превенција на остеопороза

Преку здравствениот информативен центар ќе се обезбедуваат витамини за жените кои имаат потреба од истите, а финансиски не можат да си ги дозволат. Витамините ќе се обезбедуваат во текот на целата година.

### 1.3. Подигнување на јавната свесност и промоција на здравјето за специфични прашања поврзани со здравјето на жените

Во рамките на оваа активност ЕСЕ ќе организира настани за подигнување на јавната свесност за прашања поврзани со здравјето на жените, односно ќе ги одбележи 28 мај – Денот на здравјето на жените и 20 октомври – Меѓународниот ден за превенција на остеопорозата.

## *2. Центар за правна помош*

Водејќи се од еден од најгорливите проблеми на општественото живеење-семејното насилство и потребата за обезбедување на соодветна бесплатна правна помош на жените - жртви на овој вид на насилство, ЕСЕ отвори неколку центри за правна помош. Покрај функционирањето на центарот во Скопје, а со цел правилно да ја дисперзираме застапеноста по региони, ЕСЕ отвори два дополнителни центри, и тоа еден во источниот дел- Штип и еден во западниот дел на земјата - Тетово. Работењето на овие два регионални центри до 2010 година беше поддржано од страна на ЕСЕ. Преку нашите тимови составени од адвокати, социјални работници и психолози обезбедуваме бесплатна правна помош, психосоцијална помош и поддршка на жртвите на семејно насилство на целата територија на Р. Македонија.
Преку бесплатната правна помош обезбедуваме правни совети; подготвуваме потребни правни писмени поднесоци и вршиме судско застапување пред надлежните судови (за жртвите кои се социјални случаи или имаат ниски примања). Преку психолошка поддршка даваме прва психолошка помош и поддршка; активно ја слушаме жртвата, во правец на негување на нејзината

самодоверба и ги јакнеме капацитетите на жртвата, се до формулирање и донесување на конечната одлука за разрешување на насилството. Исто така: даваме целосни информации за можностите од правна заштита од семејно насилство и ги информираме и упатуваме жртвите до потребните институции и служби коишто работат на полето на семејното насилство
Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Центрите за правна помош можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со нашите професионалци. Центарот за правна помош работи два дена во работната недела (понеделник и вторник од 16 – 19 часот)). Почитување на правото на доверливост на изнесените информации и не застапување на странки со спротивни интереси (конфликт на интереси) се основните принципи според кои се раководиме во работењето на Центрите за правна помош.
Имено за период од 10 години Центарот за правна помош ги постигна следниве резултати: правна и психо-социјална помош и поддршка за 2859 корисници; подготвени 1282 поднесоци; 106 кривични пријави; бесплатно судско застапување за 173 жртви на семејно насилство и 4418 одржани средби со стручен тим од ЦПП. Воедно беше потенцирана и важноста од постоењето и понатамошната одржливост на овој сервис за жртви на семејно насилство.
Само во текот на 2012 година во Центарот се обратиле над 57 жени – жртви и биле реализирани над 400 поединечни средби со членовите на тимот.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на центрите – советувалиштето, подразбираат спроведување на следните програмски активности:

### 2.1. Работење на Центарот за правна помош

Правниот центар во текот на целата година ќе обезбедува правна помош, советување и застапување за одреден број на жртви на семејно насилство. Покрај правната помош која подразбира обезбедување на правна помош и советување од областа на граѓанската и кривичната заштита од семејно насилство, за потребите на жртвите на семејно насилство во рамките на Центарот за правна помош обезбедена е помош од страна на социјален работник, како и на останати стручни профили зависно од потребите на жртвата. Во рамките на Центарот за правна помош предвидено е застапување на одреден број на случаи на семејно насилство. Во текот на годината предвидено е застапување на 10 случаи, за чија намена предвидено е надоместување на судските трошоци за првостепената судска постапка за овие случаи.

## *3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство*

Советувалиштето преставува прв специјализиран вид на советувалиште кое нуди директна психосоцијална поддршка и третман за сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилство и да го променат дотогашниот начин на живеење. Тоа е специјализирана форма на помош од страна на професионалци (социјален работник и советувач терапевт) кои ја водат жртвата низ процесот зајакнувајќи ја нејзината независност во

донесувањето на вистински одлуки. Советувалиштето нуди повеќе видови на помош и тоа во домените на превенција, советување и кризна или пост-трауматска интервенција. Советувалиштето работи од април 2008 година.
Преку психолошкото советувалиште нудиме: примарна психолошка помош; итна интервенција за заштита од насилството; психолошка помош и поддршка во услови на долготрајна изложеност на насилство  и кризна интервенција.
Корисници на психолошкото советувалиште се жените -жртви на семејно насилство, но исто така и децата како секундарни жртви на насилство. Процесот на помош и поддршка се остварува преку одржување редовни средби на индивидуално ниво или група и по нивно претходно закажување. Советувалиштето работи еден ден во текот на работната недела (вторник) од 16-19 часот. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.
Досега во советувалиштето се обратиле вкупно 104 жртви на семејно насилство (вклучувајќи ги нивните деца). Во текот на 2012 година во советувалиштето се обратиле приближно 37 жени-жртви и биле реализирани над 120 поединечни средби на кои била понудена соодветна стручна помош.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на центрите – советувалиштето, подразбираат спроведување на следните програмски активности:

### 3.1. Работење на психолошкото советувалиште

За потребите на психолошкото советувалиште советувач – терапевт ја обезбедува потребната помош еднаш во текот на една работна недела.

## III. КОМПОНЕНТА: ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ

Ромите претставуваат маргинализирана група во многу аспекти на јавниот и на социјалниот живот во кој спаѓаат и пристапот до здравствените услуги и нивниот квалитет. Положбата на Ромите во Македонија ја карактеризираат следните состојби: висока стапка на сиромаштија, невработеност, маргинализирани и сиромашни населби, супстандардна инфраструктура, низок здравствен статус, ниско ниво на образование, како и несоодветна застапеност во политичката и јавната сфера.

Во однос на здравствената состојба на Ромите, истражувањата покажуваат дека тие имаат понеповолна здравствена состојба во однос на мнозинското население. Ова, пред сè, се карактеризира со повисока стапка на појава на хронични заболувања кај Ромите, за разлика од останатото население, како и пократок животен век за 10 години од останатото население.

Податоците од теренот и од истражувањата укажуваат на постоење на низа бариери со кои се соочува ромското население во однос на пристапот до здравствените услуги. Овие бариери се изразуваат преку појава на скриена дискриминација во третманот на пациентите, неможност за плаќање на потребните здравствени услуги, оддалеченост на здравствените установи, недоволни знаења во однос на нивните здравствени права, како и недостаток на информации помеѓу здравствените работници за посебните потреби и навики што Ромите ги имаат кога пристапуваат кон здравствените услуги. Неповолните услови за стекнување на здравствено осигурување, како и неземањето предвид на социјалните потреби на Ромите при усвојување на здравствената регулатива, дополнително ја продлабочува нееднаквоста.

Водени од овие потреби во соработка со ромските организации ЦДРИМ, Скопје, РРЦ, Скопје и КХАМ, Делчево во текот на изминатата година воведовме програми за обезбедување на параправна поддршка, преку кои Ромското население се запознава со можностите за остварување и заштита на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти.

Во рамките на оваа програмска компонента во 2013 година ќе се преземат следните активности:

### 1. Континуирана обука за параправници

Во духот на континуирано градење на капацитетите на лицата кои обезбедуваат параправна помош и во текот на оваа програмска година ќе се спроведе циклус од обуки. Во рамките на овој циклус ќе се организираат три обуки.

### 2. Функционирање на програмата за параправна помош

Програмата за параправна помош опфаќа:

- Обезбедување на параправна поддршка во поединечни случаи;
- Спроведување на информативни активности со цел запознавање на Ромското население со обезбедувањето на параправна поддршка, и
- Спроведување на едукативни активности.

### *2.1. Параправната поддршка*

Поддршката што ќе ја нудат лицата за обезбедување на параправна помош ќе се состои од давање на совети и препораки за понатамошно постапување на клиентите; придружување на клиентите во институциите кога аплицираат и остваруваат одредено право; изработување на барања и други документи во писмена форма потребни за остварување на одредени права и упатувања до адвокати, институции, владини тела или граѓански организации. При обезбедувањето на совети и препораки за понатамошно постапување, лицата за обезбедување на параправна помош ќе имаат континуирана поддршка од ЕСЕ, односно можност за консултации.

### *2.2. Информативни активности*

Овие активности ќе бидат насочени кон промовирање на обезбедувањето на параправната поддршка кај ромското население и ќе обезбедат директно информирање на ромското население.

### *2.3. Едукативни активности*

Во секоја општина, односно, во Шуто Оризари и Делчево ќе се организира серија на едукативни настани- тркалезни маси. Тркалезните маси ќе имаат за цел да ја зголемат свесноста кај ромското население за специфичните здравствени прашања. Дел од овие едукативни настани ќе бидат наменети за запознавање на Ромите со правата на пациентите и нивната заштита од страна на параправниците.

### *2.4 Средби со релевантни актери на локално ниво*

Обезбедувањето на параправната поддршка во однос на остварување на правата на здравствена заштита и здравствено осигурување, а особено на правата на пациентите ќе биде овозможено со воспоставување соработка помеѓу ромските организации и релевантните актери на локално ниво. Во таа насока партнерските организации во соработка со ЕСЕ ќе организираат средби со релевантните актери на локално ниво. Средбите со релевантните актери на локално ниво ќе бидат организирани со цел да се координираат напорите на сите релевантни актери за да се утврдат принципите и начините на меѓусебната соработка со цел да се обезбеди подобра заштита на здравјето на Ромите.

## *3. Национална конференција*

Со цел промовирање на концептот на обезбедување на параправна помош на ромското население и презентирање на постигнатите резултати преку обезбедување на параправна помош ќе биде организирана Национална

конференција. Конференцијата ќе им овозможи на локалните и националните заинтересирани страни да се запознаат со улогата и значењето на параправната програма, како и за споделување на позитивните практики и искуства во однос на обезбедување на ваков вид на помош и поддршка на ромското население.

## **IV. ПРОГРАМСКА КОМПОНЕНТА:** ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

И покрај низа значајни постигнувања и континуирани напори за унапредување на меѓународното и националното ниво, уживањето на правото на здравје сѐ уште е недостижно за одредени категории на лица. Според видувањата на Специјалниот известувач на ОН за правото на физичко и ментално здравје, „интеракцијата на многumина со здравствените установи и давателите на здравствени услуги е проследена со дискриминација, злоупотреба и со прекршување на основните права“, односно постои потреба од запознавање и информирање на пациентите и здравствените работници за препознавање и применување на човековите права при обезбедување на здравствени услуги, како и градење на однос на еднаквост и почитување помеѓу пациентот и здравствениот работник, односно елиминирање на факторите што можат да водат кон ограничување и нарушување на правото на здравје.

Неодминлив дел од остварување на правото на здравје се правата на пациентите. Под права на пациентите се подразбираат права, одговорности и должности според кои поединците бараат и примаат здравствена заштита. Човековите права во здравствената заштита пак, ги подразбираат сите права признати со меѓународните документи, кои се релевантни за обезбедување на здравствената заштита. Всушност, тие се од непроценливо значење за обезбедување на квалитетна и соодветна здравствена заштита, согласно на највисокиот можен стандард. Но, човековите права во здравствената заштита не упатуваат само на правата на пациентите туку и на стандардите во обезбедување на заштита што подеднакво ги засегаат здравствените работници и општеството во целост. Заложбите за правата на пациентите е резултат на глобалното движење за повикување на одговорност на државите и здравствените работници во обезбедување пристап до квалитетна здравствена заштита.

Во текот на 2013 година ќе продолжиме со реализацијата на започнатите активности и ќе воведеме нови пристапи во насока на постигнување на поголемо влијание врз целните групи и овозможување на истите да ги остварат целосно своите права од оваа област.

Па така, во рамките на оваа програмска компонента во текот на 2013 година ќе се спроведат следните активности:

### 1. Прирачник за практичари – Човековите права во здравствената заштита

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе продолжи со преземање на активности во насока на обновување на содржината на Прирачникот преку континуирано следење на прописите користени при неговата подготовка, утврдување на застарените делови од Прирачникот и нивна замена, измена или дополнување согласно ново донесените прописи, користејќи ја претходно развиената матрица. Во таа насока и оваа година ќе ги следиме сите прописи поврзани со оваа област, меѓу кои закон за здравствена заштита, закон за здравствено осигурување, закон за заштита на

права на пациенти, закон за заштита на населението од заразни болести, закон за јавно здравје, закон за општа управна постапка и други релевантни прописи.

Како и досега, и во наредниот период во рамки на прирачникот ќе презентираме практични случаи на прекршување или ограничување на здравствените права. Па така, преку веќе воспоставената соработка со групата на практичари (адвокати, правници и претставници на граѓански организации) кои работат на полето на заштита на човековите права за здравствена заштита, континуирано ќе продолжат да се евидентираат и објавуваат ваквите случаи.

## 2. Обука за практичари

Во насока на поголема инволвираност на практичари и проширување на мрежата на заинтересирани во однос на оваа проблематика, во текот на 2012 година беа организирани и спроведени низа на обуки и средби со вкупно 11 адвокати и 6 претставници на граѓански организации од Р. Македонија.

Во таа насока, текот на 2013 година, ЕСЕ ќе преземе активности за зголемување на бројот на практичари кои ќе бидат вклучени во мрежата на заинтересирани за оваа проблематика и кои ќе имаат можност да ги прошират своите знаења од областа на здравствените права, да остварат соработка со практичарите од веќе формираната група, како и да ги споделат своите искуства и знаења во однос на правата од здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациентите. Во текот на оваа програмска година, ЕСЕ, со помош на практичарите од постојната група и професионалните здруженија со кои соработува, ќе ги идентификува членовите на новата група на практичари. Практичарите од новата група ќе земат учество на обука на која ќе се промовира концептот на Човековите права во здравствената заштита, преку преземање на следните активности: запознавање на учесниците со иницијативата, како и со активностите кои се преземаат во рамки на истата (презентирање на содржината на Прирачникот и на веб страната healthrights.mk); информирање на практичарите за основниот концепт на здравје и здравствен систем во Македонија, особено имплементацијата на правото на здравје и здравствена заштита; информирање на практичарите за постојните законски решенија во сферата на здравственото осигурување и остварувањето на правата од здравственото осигурување, казнено правна заштита на правото на здравје; презентирање на правата и обврските на пациентите и механизмите за нивна заштита, правата и обврските на здравствените работници во однос на остварувањето на здравствените права од страна на пациентите, како и меѓународната и регионалната правна рамка од областа на човековите права во здравствената заштита и механизмите за заштита на овие права.

Во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе спроведе обука за стратешко застапување на случаи на прекршување на здравствени права. Учесниците на обуката ќе бидат адвокати и претставници на граѓански здруженија кои имаат искуство и ја следат состојбата во областа на здравствените права. Обуката ќе ја одржи меѓународен експерт од оваа област. Спроведувањето на оваа обука има за цел зајакнување на капацитетите на учесниците во стратешкото застапување на случаи на

прекршување на здравствени права, а во насока на поддршка на иницијативата Човекови права во здравствената заштита.

**3. Веб страна наменета за практичари и општа јавност**

Во насока на понатамошно информирање на професионалната и општата јавност со најнови информации поврзани со здравјето и здравствената заштита и оваа година ЕСЕ, ќе продолжи со активностите за популаризирање на заштитата на правото на здравје преку постоечката тематска страна www.healthrights.mk.

Во насока на континуирано надградување на содржината на веб страната, ЕСЕ во текот на 2013 година ќе продолжи со редовно објавување на: најновите домашни, меѓународни и регионални вести од областа од здравството и механизмите за заштита на здравствените права; публикации кои обработуваат здравствени теми, меѓу кои и извештаи на органи во состав на меѓународните и регионалните организации околу степенот на остварување на правото на здравје и здравствена заштита, како и здравствена статистика; превентивни и куративни програми на Министерството за здравство за 2013 година, како и нивните измени и дополнувања; најновите меѓународни и регионални прописи кои ја регулираат областа на човековите права во здравствената заштита; новодонесените закони и подзаконски акти донесени од страна на Собранието на Македонија кои ги регулираат здравствени права и механизмите за нивна заштита и др.

**4. Подготовка на информативни материјали наменети за ранливи групи**

Со цел информирање на пациентите, особено пациентите од различни ранливи групи во 2012 година подготвивме три информативни брошури (брошура за заштита на правата на пациентите со фокус на Ромската популација и корисници на дроги и општа брошура за заштита на правата на пациентите наменета за општата јавност).

Имено, во таа насока и во текот на 2013 година, ЕСЕ ќе продолжи со промовирање на здравствените права и механизмите на заштита на здравствените права на ранливи групи преку подготовка на уште една брошура, овој пат со фокус на заштитата на правата на лицата со интелектуална попреченост. Оваа брошура ќе биде подготвена во соработка со Центарот за поддршка на лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА, кој има долгогодишно искуство во работа со оваа ранлива група.

Во текот на 2013 година ЕСЕ ќе подготви и краток документарен филм (во времетраење од 2 до 5 минути) со кој ќе се прикаже остварувањето на одредено конкретно право од страна на припадниците на ранливите групи. ЕСЕ ќе подготви план за објавување на филмот на веб страните на организациите кои работат на заштита на здравствени права на ранливи групи. Документарниот филм може понатаму да се користи во застапувањето на презентираниот случај и други сроди случаи.

**5. Подготовка на извештај за статусот на имплементација на правото на здравје**

ЕСЕ континуирано во текот на изминатите години, како познавач на актуелните состојби на полињата од интерес во Р. Македонија, подготвува извештаи во сенка

и известува пред меѓународните тела во однос на напредокот на земјата по одделни категории на прашања. Во таа насока, ЕСЕ во 2013 година ќе подготви извештај и ќе известува пред Советот за човекови права при ООН во однос на статусот на имплементација на правото на здравје во рамки на вториот круг на известување од Универзалниот периодичен преглед. Оваа активности ќе ја спроведеме во соработка со заинтересирани правни експерти и претставници на граѓански организации.

**V. ПРОГРАМСКА КОМПОНЕНТА:** ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СТАТУС И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРАВА НА РОМИТЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Во изминатите години на работење спроведовме низа активности за унапредување на здравјето на Ромите и тоа во областите на пристапот до превентивни здравствени услуги (имунизација); остварување на човековите права во здравствената заштита и олеснување на пристапот до основните јавни здравствени услуги. Оваа година, ЕСЕ ќе спроведе истражување кое ќе има за цел оценување на здравствената состојба на ромската заедница, пристапот до здравствена заштита и состојбата во однос на почитување на здравствените права на Ромите во однос со не-ромското население кое живее во близина на ромските населби.
Основната цел на истражувањето е споредување на добиените податоци од ромската популација со податоците добиени од не-ромското население кое живее во близина на ромските населби преку: оценување на степенот на применување на ратификуваните и усвоени меѓународни и регионални договори, вклучувајќи го и домашното законодавство во однос на применување на здравствените и други сродни права; утврдување на само пријавениот здравствен статус на Ромите; оценување на главните социјални детерминанти кои влијаат врз здравјето на Ромите; оценување на опфатот на Ромите со примарна и превентивна здравствена заштита; оценување на пристапот на Ромите до здравствените услуги (како и пристапот до основните лекови), вклучувајќи ги и главните пречки со кои се соочуваат Ромите во однос на пристапот; оценување на степенот на нарушување на здравствените права на Ромите, како и оценување на постапувањата на институциите кои се надлежни да постапуваат во однос на заштита на правата на пациентите и применување на методологијата на индикаторите за здравствените права со цел да се утврдат спецификите кај Ромското население

Во рамките на оваа програмска компонента во периодот јануари – декември 2013 година ќе се спроведат следните активности:

- подготовка на преглед на меѓународните и регионалните договори, како и домашното законодавство со цел да се процени уредувањето на човековите права во здравствената заштита;
- подготовка на преглед на релевантните документи со цел да се процени трендот на здравствените буџети во Р. Македонија;
- подготовка на преглед на обврските кои Р. Македонија ги преземала по однос на Декадата за вклучување на Ромите;
- идентификување и ангажирање на експерт од областа на јавното здравје кој ќе биде ангажиран како експерт во спроведувањето на истражувањето и при подготовката на извештајот;
- подготовка на инструменти за спроведување на теренското истражување помеѓу Ромите не-ромското население и здравствените работници, вклучувајќи прашалници за анкетни интервјуа и прашалници за дискусии во фокус групи;
- подготовка на статистички примерок за спроведување на теренското истражување, преку ангажирање на надворешен експерт;

- селекција на анкетари кои ќе го спроведат теренското истражување и спроведување на обука за анкетарите;
- спроведување и координирање на теренското анкетирање помеѓу ромско и не-ромско население;
- спроведување на фокус групи со ромско население, не-ромско население и здравствени работници;
- обработка на добиените податоци од истражувањето;
- подготовка на извештај од истражувањето во кој ќе бидат вклучени наодите од прегледот на меѓународните договори, домашното законодавство и наодите од теренското истражување.